заеднички состаноци каде се предлагаат комисии, односно тимови за реализација на одредени акции и давање идеи и предлози за подобрување на комуницискаta соработка на сите структури во училиштето. Училиштето ќе организира и реализира голем број на еколошки акции, хуманитарни активности и голем број на работилници. Планот и програмата за реализација на акциите е приложен во прилозите на годишната програма.

## 10. Ученичко организирање и учество

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Планот и програмата за реализација на активностите на заедницата на паралелката, ученичкиот парламент како и училишниот правобранител е приложен во прилозите на годишната програма.

## 11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Во согласност со Законот за основно образование во училиштето се спроведуваат и реализираат вонучилишните актиности излети, ескурзии, настава во природа итн. За подготовка и ралaround и ралзација на планот и програмата, училиштето има формирано тим за изработка и спроведување на истите. Планот и програмата за реализација на ескурзиите и излетите е приложен во прилозите на годината програма.

11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Училиштето нема податоци за одредени ученици кои учествуваат и се вклучени во вонучилишните активности надвор од училиштето.

## 12. Натпревари за учениците

Натпреварите по одредени предмети се значаен и незаобиколен сегмент од образованието на учениците. Со учеството на учениците на натпревари се развива натпреварувачкиот дух и талентот, но истовремено се прошируваат и се продлабочуваат нивните интереси за знаењата по одредени предмети. Учениците од нашето училиште учествуваат на различни натпревари, организирани во повеќе нивоа: училишни, општински, регионални, државни и меѓународни. Учениците од нашето училиште ќе земаат учество на сите натпревари, како и на приредби, смотри, манифестации, конкурси и други организирани активности. Учениците ќе учествуваат на натпреварите по јазиците кои се изучуваат во училиштето-македонски јазик за другите заедници, босански, англиски, германски, Млади библиотекари, потоа на натпреварите Математика, Кенгур,

Дабар, Спорт, Детски семафор, Млади техничари и иноватори, Биологија, Географија, Хемија, Натпревар за против пожарна заштита, Хорски смотри итн. Наставниците-ментори и учениците кои на натпреварите ќе постигнат добри резултати ќе бидат и соодветно наградени. Планот и програмата за спроведување на ученичките натпревари е приложен во програмските прилози.

## 13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Нашето училиште е установа во која учат ученици од бошњачка националност и установа во која навистина има мултиетничка клима. Постојат разни активности кои се реализираат во склоп на наставните и вонналставните активности. Посебно се истакнува мултикултурализмот преку проектот МИО кој успешно се спроведува во нашето училиште заедно со партнер училиштата од општината и со партнер училиштата од другите општини. За реализацијата на МИО проектот има изработено годишно планирање од страна на координаторот и тимот и истото е приложено во програмските прилози.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Проекти кои ќе се реализираат во текот на оваа учебна година се МИО проектот; Еко училиште; Училиште на 21 век, Децата на прво место, Професионален и кариерен развој на наставниот кадар, Отворен ден по граѓанско образование, Проект за Антикорупција итн.
Планот и програмата за реализација на активностите од проектите е приложен во прилозите на годишнат програма.

**ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТОТ ДЕЦАТА НА 1-ВО МЕСТО!**

| ТРЕТА ГОДИНА ОД ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ | |
|---|---|
| **Активности** | **Временска рамка за реализација** |
| 1.Креирање, снимање и емитување видео кампања за детски права и нејзино промовирање на медиумите и социјалните мрежи; | Крај на септември, 2024<br>Јануари-јуни, 2025 |
| 2.Поддршка на 5 мали училишни иницијативи од 5 проектни училишта за заштита, промоција и унапредување на правата на децата кои ќе поттикнат ученичко учество и ќе ги подобрат условите во училиштето. Со тоа ќе им се овозможи на учениците да ги практикуваат своите права во училиште и да спроведат дел од планот на активности на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител (спортски и други активности); | Септември-октомври, 2024<br>Јануари-јуни, 2025 |
| 3.Менторска поддршка за развивање на ученички училишни проекти/иницијативи како дел од активностите / Планот на активности на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител | Ноември/декември, 2024 -јануари, 2025 |
| 4. Дводневна Школа за детски права за вкупно 50 учесници (25 ученици и 25 наставници) од 5 основни училишта | Август, 2025 |

| | |
|---|---|
| 5.Организирање на Караван за детски права преку посети и креативни работилници на брендираното мобилно комбе на Чекор по чекор; | Септември-октомври,2024<br><br>Март-јуни |
| 6. Организирање на завршен настан за проектот; | Октомври, 2025 |
| 7. Собирање на податоци од проектот (број на ученици и наставници во проектните училишта на почетокот на учебната 2024/25 г и континуирано, во зависност од потребите) | Септември, 2024 и по потреба |
| 8. Посета на проектните училишта /места и тековно мониторирање на проектот | По потреба за целото времетраење на проектот |

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

Средниот успех на учениците од нашето училиште во учебната 2023/2024 година е следниот: Успехот на учениците од I-V одд е 4,0 на учениците од VI-IX одд е 3,94 а вкупниот постигнат успех на учениците од I-IX одд е 3,97.

Од приложеното се гледа дека успехот кај учениците од VI-IX одделение е по слаб во однос на учениците од I-V одделение.

Врз основа на тоа треба да превземат соодветни активности кои ќе бидат поттик за учениците за постигнување на повисоки резултати во воспитно образовниот процес. Активностите кои ќе се превземат ќе се реализираат преку Стручни активи кои реализацијата на активностите ја планираат во посебна програма приложена во прилозите на годишната програма, преку воведување на иновации во наставата кои наставниците најпрво ќе ги следат преку обуки и семинари и несебично ќе ги пренесуваат на учениците на колегите итн. Стручните соработници во нашето училиште ќе продолжат да водат редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици во редовната настава но и на натпревари и конкурси на кои достојно го претставуваат нашето училиште.

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето им помага на родителите, односно старателите и на учениците при изборот на средното училиште, согласно со особеностите, способностите и афинитетите на учениците. За следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање помош на учениците и нивните родители, односно старатели во избор на средното училиште, стручните соработници во училиштето ќе користат алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и ќе реализираат програма за

професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение. Планот и програмата за професионална ориентација на учениците  е приложен во пролозите на годишната програма.

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Превентивните програми кои планираме да се реализираат во нашето училиште имаат за цел проширување на знаењата на учениците за одредени актуелни теми како и развивање на животни вештини со што би се развиле прифатливите облици на однесување. Воедно ќе допринесат за развивавње на способностите и вештините на учениците за донесување на исправни одлуки и решавање на проблеми. Превентивните програми ќе опфатат теми од областа на здравјето и здравиот начин на живеење, правилна исхрана, заштита од заразни болести, правилна организација на слободното време и понуда на спортски содржини. Значајно внимание ќе се посвети на присутноста на насилството, видови на насилство и начини на негово спречување, како и промовирање на ненасилна комуникација и развивање на другарството. Превентивните програми ќе се реализираат преку редовната настава (одделенски час –програма за животни вештини, изборната настава како и воннаставни активности.)

## 16. Оценување

16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Во училиштето се спроведува интерното  оценување односно формативно и сумативно оценување  на постигнувањата на учениците. Оценувањето се одвива континуирано во текот на целата учебна година, со анализа на состојбите во четири класификациони периоди. Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во првиот период ( I - III одд. ) се оценува описно, во вториот период ( IV – VI одд.) постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно и бројчано, по класификационите периоди – трите класификациони периоди се оценуваат описно, а на крај на учебната година оценувањето е бројчано. Учениците од третиот период (VII – IX одд.) се оценуваат бројчано со оценки од (1) до (5). По предметите за писмено оценување наставниците прават план имајќи ги предвид законските ограничување (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи). Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Критериумите за оценување на постигањата на учениците се темелат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија.

Оценувањето како дел од наставата: - Оценувањето на почетокот на наставата -за да се утврдат предзнаењата на учениците -за да се планира наставата - за да се утврдат интересите, мотивацијата на учениците - Оценување во текот на наставата - за да се следи како ученикот учи и напредува во учењето - за да се информираат родителите за напредокот - за да се поттикнува ученикот подобро да учи - за да се приспособи поучувањето на учениците. Оценување по завршување на наставата - за да се утврди

што ученикот научил - за да се информираат сите заинтересирани за постигањата на ученикот - за да се процени ефикасноста на наставата.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Стандардите се базирани на принципи за квалитетно и фер оценување што се составен дел на Стандардите. Тимот за следење, анализа и поддршка е составен од стручните соработници, одделенски и предметни наставници со конкретни задолженија, операционализиран план за следење на оценувањето ( квартално-по класификациони периоди  и на крајот на учебната година) за кои соодветно се изработуваат извештаи и се согледува напредокот на наставниците  и на учениците. Во секој класификационен период се одржуваат родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците. За време на родителските средби во училиштето се присутни и предметните наставници кои се подготвени да им дадат образложение на родителите за некое прашање. Родителите добиваат редовни информации во усна или писмена форма. Следењето се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, тестови, писмени вежби, контролни задачи, наставни ливчиња, набљудувања и др. ) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во годишните програми директорот и стручните соработници имаат изработно и план и програма за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар. Стручните посети ќе се реализираат  по еднаш во секој класификационен период. По посетите се спроведуваат советодавни разговори со наставниот кадар, се прави анализа и се израбоуваат соодветни извештаи. Планот и програмата за работата на директорот и стручните соработници се приложени во прилозите на годишната програма.

16.4. Самоевалуација на училиштето

Во текот на учебните години, стручните соработници во соработка со наставнивците, родителите и учениците континуирано прават  комплетна анализа на работата во училиштето. Од направената анализа во седумте области по  подрачја од последната  самоевалуација беа извлечени слабите и силните  страни на училиштето и тие се дадени како идни приоритети и цели кои детално  се разработуваат во Развојното планирање на училиштето.

## 17. Безбедност во училиштето

Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес треба во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. И родителите сакаат нивните деца училиштето да го доживуваат како безбедна средина и да се чувсвуваат пријатно. За таа цел во училиштето постои видео надзор  и дежурни наставници.
Нашето училиште има изготвено план за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, во кој план се опфатени голем број на мерки за заштита и начини на справување од природни непогоди и други несреќи и има изработено  скица на сите простории во училиштето со што полесно ќе се спроведат мерките за заштита и спасување од непогодите и несреќите и за евакуација на вработените и учениците.

План за движење при евакуација




## 18. Грижа за здравјето

Цел на училишната програма за унапредување на здравјето е формирање на психички, социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината. Целокупната училишна програма за грижа на здравјето има генерална цел унапредување на емоционалното и физичкото здравје на  учениците, стимулирање на креативниот и интелектуалниот напредок на индивидуата како и превенција од зависности.
Училишната програма за грижа на здравјето на учениците опфаќа реализација на програма за вакцинација на учениците,  систематски прегледи и прегледи на забите, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и одржување  на хигиената во училиштето, едукација за здрава исхрана, превенција од зависности итн. Во оваа програма е  опфатена целокупната грижа за здравјето на учениците која ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба,  одделенски раководители, ученици, родителите и јавните здраствени установи од општината.

18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето е на високо ниво и за тоа се задолжени и одговорни од техничкиот персонал. Училиштето во соработка со родителите ќе водат грижа за развивање на навики кај учениците за правилно одржување на личната хигиена. По потреба училиштето ќе соработува со службите за дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Во текот на учебната година наставниците и училиштето реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Редовно ќе се чистат училишните простории и училишниот двор, а ќе се организираат и акции во кои ќе бидат вклучени и учениците со цел на подигнување на свеста кај учениците за грижа за себе и околината.

18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со здравствените домови. Ученици од нашето училиште од прво, трето, петто и седмо одделение ќе бидат опфатени со систематски прегледи во термини кои ќе се договорат со лекарот. Редовно се спроведуваат и стоматолошките систаматски прегледи за сите ученици. Учениците ќе бидат придружувани од страна на родителите по завршувањето на часовите.

18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши во Здравствениот дом, а се опфатени учениците на возраст од 6 години; 7 години и 14 години. Учениците ќе бидат придружувани од родителот или раководителот на паралелката по завршувањето на часовите.

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

За реализација на овој дел од грижа за здравјето на учениците, училиштето организира едукативни предавања и настани за здрава храна. Едукацијата на учениците има за цел да ја подигне свеста за консумирање здрава храна и формирање навики за правилен развој. Наставниците во своите планирања интегрираат содржини за здрава храна и ги реализираат на одделенските часови, редовните часови и воннаставни активности. Во училиштето нема да има организирана исхрана за учениците, тоа ќе биде грижа на родителите со претходно добиена согласност од нивна страна со донесена одлука од членовите на Советот на родители.

## 19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

За секој човек да биде успешен во остварување на своите цели важно е да биде дисциплиниран и истраен во своите намери.
Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е секако дисциплината на сите вклучени фактори. Така и нашето училиште изнаоѓа многубројни начини за подобрување на училишната дисциплина на учениците, наставниците и останатите вработени.

На почетокот на учебната година одделенските раководители ќе ги запознаат учениците со правилата и должностите на однесувањето. Училиштето има подготвено Кодекс на однесување и Правилник за сите должности и обврски на сите вработени и на учениците и истиот се поставува на видно место во училиштето. Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите. На почетокот на учебната година се изработува и распоред за дежурни наставници.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени во училиштето како и учениците се задолжени да допринесуваат за уредувањето на истото, се со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците и учениците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Во училиштето се организираат разновидни настани за кои е потребно и посебно уредување но исто така се врши и претставување на тие настани на големи паноа со слики и изработки од учениците и наставниците каде ги има насекаде низ училиштето.

19.3. Етички кодекси

На почетокот на учебната година во нашето училиште се изработуваат кодекси на однесување за сите субјекти во училиштето и тоа:

-Кодекс за однесување на наставниците;
-Кодекс за однесување на учениците
-Кодекс за однесување на родители;
-Еко кодекс;

Етичките кодекси се поставени на видно место во училиштето и се приложени во програмските прилози.

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето никогаш не би можело да се издигне на ниво на вистински дом доколку не би имало соработка меѓу сите фактори вклучени во него. За таа цел во нашето училиште се организираат многубројни активности и за секоја од нив се одржуваат заеднички состаноци каде се предлагаат комисии односно тимови за реализација на активноста и давање идеи и предлози за подобрување на комуницискaта соработка на сите структури во училиштето. Училиштето ќе организира заеднички:

-Прослави и приредби за Денот на Бошњаците 28-септември, Нова година, Денот на училиштето, Денот на сесловенските просветители, полуматура на деветоoделенците, разни видови на манифестации, разни видови свечености.
Екскурзии и излети ( за сите ученици и вработени, наставно-научни екскурзии и излети за кои се изготвува соодветна програма, планирана во Годишната програма за работа на училиштето и приложена во програмските прилози).

Во текот на оваа учебна година во нашето училиште повторно ќе се спроведе и отворен ден по Граѓанско образование се со цел да се развие демократска клима во училиштата, да се поттикне одговорноста кај учениците за состојбите во училиштето и заедницата и да се зајакне нивната иницијативност за преземање на активности за позитивна промена. Планот за спроведување на активностите за отворениот ден по Граѓанско образование е приложен во програмските прилози.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Концептот, односно мотото под кое нашиот кадар се води е „Учењето е доживотен процес“. Во тој контекст нашиот образовен кадар редовно ги следи новините кои се однесуваат во воспитно-образовниот процес и зема активно учество. Потребите за професионален развој се детектираат за време на одделенските и наставничките состаноци, стручните активи како и во неформални средби. Училиштето како целина постојано следи и прави проценки на сработеното како и на тоа што треба да се сработи во иднина за да се подобри неговото целосно функционирање. Па така, согласно спроведената самоевалуација детектирано е дека целокупниот образовен кадар треба континуирано да продолжи да се надоградува и да ги проширува своите граници на знаење од својата област. Тоа значи дека наставниците и стручната служба ќе посетуваат што е можно повеќе семинари,вебинари и обуки и сето тоа само со една иста цел - професионален развој на образовниот кадар во училиштето во текот на учебната 2024/2025 година.

20.2. Активности за професионален развој

Професионалниот развој подразбира секојдневно професионално и лично растење на поединецот, процес кој подразбира здобивање со нови знаења, вештини, способности и стратегии во соодветните области и оспособување за примена на новостекнатите знаења. Училиштето ќе организира најразлични работилници, обуки, вебинари, семинари и дисеминации кои ќе понудат активности со цел сртучно усовршување на наставниците и стручната служба.
Притоа за таа цел е изготвен и акционен план, се спроведува дисеминација од претходно проследени семинари или обуки, се поднесуваат извештаи, а исто така се врши и евалуација од којашто подоцна произлегуваат потребите и приоритетите за понатамошни активности за стручно усовршување и професионален развој.
Тука значаен дел земаат советувањата и стручните подготовки од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други стручни институции од областа на воспитно-образовниот кадар. Покрај нив, активно ќе учествуваме и на сите семинари, вебинари и едукативни работилници организирани од Бирото за развој на образованието, МОН, УСАИД, Фондацијата Отворено општество, Фондацијата Чекор по чекор, Метаморфозис или други невладини организации и акредитирани провајдери.

20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој подразбира самостојно и независно учење и професионално надоградување на поединецот. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности. Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаења или размена на професионално искуство, преку организирање на отворени часови и работилници во текот на целата учебна година. Во текот на наставната година се реализираат посети и анализи на наставни часови кај секој наставник. По посетата на часот наставникот се консултира со тимот кој го посетил (директор, педагог, психолог, наставници од истиот стручен актив) за силните и слабите страни од часот со насоки за надминување на пропустите и унапредување на професионалниот развој.

Секој наставник индивидуално и колективно стручно се усовршува. Индивидуално преку следење на стручна литература и колективно преку учество на семинари и обуки. Секој наставник на почетокот на учебната година изработува акциски план за својот личен професионален развој и истиот го доставува до директорот или стручната служба. За неговиот професионален развој се води портфолио.

20.4. Хоризонтално учење

Професионалниот развој на наставниот кадар, каде спаѓаат планирање и организирање на разни обуки, семинари, работилници, дисеминации и слично со цел надградба, унапредување на наставниците и запознавање со нови методи и нов пристап на работа за издигнување на наставата во училницата на повисоко ниво, е познато како хоризонтално учење, со кое наставникот напредува во професијата, напредува како стручно лице. Но, тој напредок на наставникот не му носи унапредување, односно повисока позиција, туку само професионален напредок и поголем успех во реализација на наставниот процес.
Во нашето училиште стручните активи редовно одржуваат состаноци на кои дискутираат и разменуваат искуства и мислења.
Исто така посетуваат и меѓусебно нагледни часови.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој не се однесува само на акумулација на нови знаења, туку и нивна примена во практиката и подготвеност да се внесат нови начини на работа, во односот кон учениците, наставниците и родителите, како и во начинот на комуникација кој се практикува во училиштето. Тој воедно води и кон кариерно напредување на воспитно-образовниот процес.

Гордост е на на секое училиште во своите редови да има наставници кои вистински ја покажуваат својата професионалност и заслужуваат да напредуваат. Врз основа на тоа и во нашето училиште ќе се изработи план на поддршка за кариерниот развој на воспитно образовниот кадар во согласност со правилникот и станардите кои треба да ги исполни еден професионален наставник и ќе даде целосна подршка за негово напредување.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Вклучување на семејството во повеќе аспекти од животот и работата во одделението и училиштето воопшто претставува една од основните цели на училиштето. Ефикасната соработка детерминира постоење на односи на взаемно почитување помеѓу одделенскиот наставник и родителите. Соработката со родителите се планира заедно со нив, зависно од можностите и интересите на самите родители и потребите на воспитно - образовниот процес. За постигнување на подобри резултати потребно е да постои и поголема соработка помеќу повеќе субјекти. Во рамките на секое училиште пак и во нашето големо значење имаат и родителите. Затоа постои и Советот на родители кој своите дејности ги реализира според претходно планирана програма во кои се застапени мислењата и ставовите на родителите за промена или иновација во училишниот систем и наставата. Програмата за Советот на родители и распоредот за прием на родителите/ старателите се приложени во програмските прилози.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Советот на родители се вклучени во планирањето на процесот на учење така што тие даваат мислења и сугестии за дополнување и измена на некое планирање, постојано се информирани за наставниот процес и за успехот на учениците од страна на училишниот одбор, директорот, наставниот кадар, стручната служба преку електронскиот дневник, онлајн комуникација итн. Како и во изминатите години така и во оваа учебна година родителите ќе се вклучат во активностите кои се реализираат во училиштето и во наставните и воннаставните активности. Учесници се на приредбите, манифестации, учествуваат и во работилници заедно со нивните деца.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Соработката меѓу училиштето и родителите продолжува и преку организирање едукативни работилници, разни предавања и советодавно-консултативни работилници, со цел родителите да бидат во тек со иновациите во образованието и како би можеле полесно да се вклучат во образовниот процес на своите деца.
Училиштето изработува информативни брошури во кои се наведени информации за плановите на училиштето во учебната година, реализација на наставата и воннаставните активности.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Улогата на комуникацијата во јавноста во работата на современото училиште е посебно значајна за формирање на имиџот на училиштето и промоција на работата на училиштето. Таа е одлика на транспарентноста на активностите на училиштето. Носители на активностите ќе бидат сите наставници во зависност од видот на реализацијата на наставите.

***- Локална заедница***

И во текот на оваа учебна година училиштето ќе воспостави секаков вид на комуникација и врска со локалната заедница преку кое истото ќе добива информација за тековните активности. Но и училиштето пред локалната заедница ќе ги претставува своите идеи и проектните активности што ќе се реализираат. Училиштето планира соработка со локалната заедница, вклучување на локалното население и родителите во реализација на училишните проекти, преку усна, писмена и електронска комуникација (состаноци, средби, дебати, трибини).

Училиштето има потпишано Меморандум за соработка со општината.

***-Инсистуции од областа на културата***

Задолжително се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, библиотеката, театарот итн.

***-Институции од областа на образованието***

Задолжително се планирани соработки се со цел разменување на искуства и постигнување на подобри резултати. Нашето училиште е во соработка со МОН, БРО, Секторот на основното образование, Државниот просеветен инспектор, Општинскиот инспектор за просвета и спорт, партнер училиштата и другите основни и средни училишта, детската градинка итн.

***- Невладини организации***

Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата во училиштето и обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи е планирана соработка со голем број невладини организации. Училиштето ќе соработува со невладините организации кои всушност ги реализираат проектите наменети за образованието а одобрени од МОН и општината на градот.

***-Спортски друштва***

Активностите на спортските друштва ќе се реализраат преку учество на нашите ученици на локални, општински и државни натпревари во разни спортови. На овој начин ќе се поттикнува и спортскиот и натпреварувачкиот дух кај децата.

Соработката со сојузот на спортистите но и со клубовите кои опстојуваат во градот ќе продолжи како и досега.

***-Здравствени организации***

Заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените, училиштето ќе соработува со ЈЗУ- Велес, Институт за јавно здравје, Црвен Крст, Фондот за здравство, Осигурителна компанија за осигурување на учениците, Центарот за социјална грижа, Советот за детско престапништво. Во соработка со Институтот за јавно здравје ќе се организираат едукативни предавања според претходно подготвен акциски план.

***-Медиуми***

Соработката со медиумите е вежен дел во соработката со јавноста. Како и секое современо училиште и нашето училиште има потреба од афирмација на неговата работа и постигнатите резултати во соработка со медиумите. На овој начин и ученичкото творештво и постигања во разни области добиваат можност за поширока афирмација. Се со цел да се промовира училиштето соработува со Националната телевизија МТВ, Веб страната на училиштето, фејсбук страната, преку флаери и брошури преку кои се промовира училиштето, флаери за запишување на првачиња итн.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Следење на развојот на социјални компетенции на учениците во градењето на инклузивната култура | Индивидуални и групни разговори, презентации, работилници, со ученици, родители | Одговорниот тим за реализација на активностите и следење на истите од ова подрачје | Директорот, Стручната служба |
| Следење на успехот и постигнувањето на учениците | Индивидуални и групни разговори, презентации, работилници, следење на постигнувањата на учениците по класификациони периоди | Одговорниот тим за реализација на активностите и следење на истите од ова подрачје | Директорот, Стручната служба, Администртор |
| Следење на развојот на учењето и наставата низ примена на современи и креативни техники | Едукативни работилници, Презентации, комуникација, следење на новитетите во наставата | Одговорниот тим за реализација на активностите и следење на истите од ова подрачје | Директорот, Стручната служба |
| Следење на училишната клима и соработка со родителите, наставниците и учениците | Индивидуални и групни разговори, презентации, работилници, со ученици, родители | Одговорниот тим за реализација на активностите и следење на истите од ова подрачје | Директорот, Стручната служба, наставници, родители. |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на активностите предвидени со годишната програма за работа на основното училиште ќе ги земе во предвид искуствата на сите што биле вклучени во имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште.
Евалуацијата на годишната програма ќе се реализира во текот на целата учебна година. Следењето и спроведувањето на активностите ќе биде реализирано од страна на тимовите на развојните цели, кординаторите на проектите, претседателите на стручните активи и сите наставници-носители на активностите кои ќе се рализираат во училиштето и надвор од него.
Доказите ќе се собираат со помош на прашалници, анкети, дискусии, записници и протоколи, набљудување преку директен увид во работата на учениците, наставниците, стручната служба и директорот. На крајот од реализацијата на активностите од годишната програма ќе бидат сумирани и еваулирани во записници и извештаи.

## 25.Заклучок

Годишната програма претставува најзначаен документ за работа на училиштето. Во овој основен документ се наведени главните правци по кои треба да се “движи” училиштето во текот на учебната година. Тука се конкретизирани активностите на ниво на училиште, носителите на тие активности, термините за нивна реализација, одговорностите на училишните субјекти како и очекуваните исходи и ефекти од нивното остварување.

Со Годишната програма за работа на училиштето се испланирани обемот и распоредот на активностите што произлегуваат од наставниот план и наставните програми за реализација на наставата и воннаставните и вонучилишните активности.

Годишнатата програма е потреба и услов за создавање и обезбедување на основни претпоставки за успешно остварување на воспитно образовната дејност. Аналитичкиот приод од добиените заклучоци на стручните органи и тела во училиштето како и следењето на промените во функционалното размислување, согледувањето и предлозите за подобрување на начинот на работа на наставно воспитниот процес од страна на сите субјекти во училиштето се одредуваат главните насоки и приоритети во новата учебна година.

Основната функција и суштина на програмата се состои во осмислување на дејноста на училиштето за учебната 2024/2025 година и се остварува селекција и конкретизација на дидактички елементи на воспитно образовната дејност(цел и задачи, содржини , форми и методи на работа и сл.), условите за работа во училиштето ( опрема, стручен кадар, ученици и други потреби) како и динамика на реализација на задачите и активностите во текот на учебната година. Добар наставник е оној кој никогаш не зборува дека знае се, туку оној кој се сомнева во своето знаење, бидејќи сомнежот е првиот чекор во совладувањето на науката.

## 26.Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Членови на комисијата кои ја изработија годишната програма на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес се следните:

Директор:Тања Николова
Педагог:Марија Стојановска
Психолог:Тоше Лучков
Одделенски наставник: Ана Јанушева
Предметен наставник:Амра Хоџиќ
Претставник од ученички парламент:Џенита Чолаковиќ

## 27.Користена литература

1.Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161/19 и 229/20);
3.Правилникот за формата и содржината за изработка на годишната програма за работа на основното училиште;
4. Прирачник за одржување на хигиената во училишните простори;
5.Наставните планови и програми за основно образование
6.Концепција за деветгодишно образование;
7.Концепција за воннаставни активности;
8.Водич за ученичко учество, ученичко организирање,заштита на детските права во основното образование;
9.Основните професионални компентенции на наставниците и стручните соработници;
10.Статут на училиштето;
11.Програма за развој на училиштето;
12.Програмата за работа на училиштето од учебната 2023/2024 година;
13.Годишниот извештај за работа на училиштето од учебната 2023/2024 година;
14.Извештајот од самоевалуацијата;
15.Извештајот од интегрална евалуација;
16.Извештајот за финансиското работење на училиштето (користени записници од училишен одбор, наставнички совет.).

08.07.2024 год.
Г.Оризари, Велес

Директор:
Тања Николова

________________________

Претседател на УО:
Јасмина Шатара

________________________